Бр./Nr 12-5270/2
13-04-2023 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 85-та седница одржана на 12.04.2023 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-5270/1 од 26.05.2022 година, со наводи за нелојална конкуренција на пазарот правно лице кое го заштитуваат надлежни институции, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај поради тоа што во доставената пријава нема наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службени лица при вршење на јавни овластувања и службена должност.

Предметот со број 12.5270/1 од 26.05.2022 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 26.05.2022 година, доставена е пријава со наводи за нелојална конкуренција на пазарот правно лице кое го заштитуваат надлежни институции и е оформен предмет заведен под архивски број 12-5270/1 од 26.05.2022 година.

Во пријавата подносителот го посочува правното лице -------------------------- кое се занимава со продажба на додатоци во исхраната. Во пријавата се наведува дека работи спротивно на законската регулатива на штета и товар на другите учесници при продажбата и учество на конкурентниот пазар со тоа што пушта во употреба производи без претходна добиена согласност од Агенцијата за храна и ветеринарство. Подносителот укажува на следните незаконитости: нивните производи добивале назнака храна со посебна медицинска намена недозволиво со закон; истите се рекламирани од медицински персонал; се одржуваат на наградни игри за стимулирање на нивната продажба итн. Со овие дејствија, според подносителот се прекршува Законот за безбедност на храна со индиции за постоење нелојална конкуренција.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во пријавата се содржани општи наводи, без посочување на конкретни личности и активности и нема јасни наводи или укажувања за незаконити или недозволиви дејствија на службените лица при вршењето на јавните овластувања и службената должност, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Изработил: Б.К.Ш.

Одобрил: К.Н., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**